# Дејан Срхој, танчар и кореограф

# Танцот е пренебрегнат потенцијал на меѓукултурната соработка

**Разговараше:** Алдо Милохниќ

Дејан Срхој, изведувачот и творец на полето на современиот танц, на 31 октомври оваа година славеше четириесет години. Во моментов работи првенствено на долгорочниот проект Композиции на разликите, (*Kompozicije razlik)* каде што ги истражува кореографските принципи преку танцови импровизации, практики на споделување и едукација. Поради фактот дека и роботот може да развива емоции, тој во Шведска направи претстава за НАО-роботот кој зборува, танцува и мисли. Покрај тоа, го води *CoFestival* во Љубљана и е активно вклучен во развојот на програми на мрежата *Nomad Dance Academy,* која ја основа заедно со соработници од Словенија и балканскиот регион. Од 2001 година е независен уметник, сосновач на Фичо Балет, во чии рамки како автор или како танчар учествувал во претставите *1:0, Švic in Švarc, Emofad, Sun City, Confidance, Rob Raja, Formula, 2:0* и други. Покрај тоа, учествувал како изведувач во танцови и театарски проекти со Јанез Јанша, Ивица Буљан, Себастијан Хорват, Бетонтанц, Магдалена Реитер, Силван Омерзу, Каја Лоренци и други. Пред тоа, во периодот меѓу 1998 и 2001 година е ангажиран како балетски солист во СНГ Опера и балет, Љубљана каде што најчесто бил носител на главни улоги во класичен балет.

**Во 90-тите години настапуваше во претставите на љубљанскиот балет, а на почетокот на новиот милениум се пренасочи кон современиот танц и физичкиот театар. Како и зошто дојде до тој потег од класичен балет до современ танц?**

Прашањето ме потсети на проектот *Fake It!,* што го работевме со Емил Хрватин, односно Јанез Јанша. Во овој проект правевме реконструкција на стари претстави и ги сместувавме во современ контекст, а во исто време се прашувавме за контекстот во кој се појавија истите претстави: што е тоа што се промени, како сега го доживуваме просторот, телото, движењето, кои биле тие кореографи, зошто го правеле тоа, какво било нивното образование, во каква околина ги создавале тие претстави… Во балетот не постоеше таков пристап; во балетот само слепо ги копиравме движењата определени од некои кореографи пред сто и неколку години. Тие балетски движења дури и не ги стававме во контекст на тогашното или денешното време, бидејќи

моравме да ги повторуваме само како дадена форма. Мене ми пречеше тоа што не знаев што правам, иако балетот изгледа дека е многу јасна, едноставна форма на танцово движење. Покрај тоа, ми пречеше што балетските кореографи не работеа со луѓе, со поединци, не создаваа кореографија за одреден танчар, туку сите бевме еден вид објекти од пластелин, кои кореографите си ги обликуваа според нивната желба. Неодамна, еден руски балетан објаснуваше дека првите три години во балетските школи во Русија се наменети да го убијат човековото јас со јасна намера, танчарот да го трансформираат во пластелин. Кога почнав да создавам во полето на современиот танц, за мене се отвори нов свет. Во современиот танц е поинаква дури и пробата – таа може да започне неколку минути подоцна, може да направиш пауза за одмор, да разговараш, твоето мислење има тежина, се чувствува некое основно почитување меѓу колегите...

**Дали требаше да се „исчисти“ остатокот од балетското образование со преминот кон современиот танц? Дали усвоените балетски движења ти пречеа при создавањето на претстави со современиот танц?**

Во балетот, центарот на телото е во градниот кош (тоа веројатно е поврзано со тоа дека се претставуваш како силен, убав, најдобар, без грешка) а во современиот танц центарот е во карлицата, и веќе овој факт кај танчарите создава различна слика, емоции, итн. Ми требаа неколку години да го преместам овој центар, од градниот кош во карлицата, односно да истражувам каде сè можам да го преместам.

**Основањето на Фичо Балет беше пресвртница во твоето танц-творење. Како денес, по речиси две децении, го оценуваш неговото значење и местото што го зазема во поновата историја на современиот танц во Словенија?**

На интернет-страницата на Фичо Балет, едно време имавме напишано за демократизацијата на високата уметност. Сакавме да кажеме дека во класичниот балет ќе внесуваме хумор, опуштеност, можеби дури и безобѕирност, и притоа ќе се забавуваме. Лично, тоа го чувствував како моја танц-еманципација, бидејќи можев да си играм, да го преиспитувам или да го иронизирам сето знаење што балетските учители и кореографи строго ми го пренесуваа. Можеби токму поигрувањето со балетот и внесувањето хумор во оваа инаку мошне сериозна танцова форма би го истакнал како најголемо достигнување на Фичо Балет во нашата средина. И нешто друго е интересно: речиси сите танчари бевме мажи. Кога влеговме во просторот меѓу класичниот и современиот танц и почнавме да гостуваме на странски фестивали, стана очигледно дека ова не беше толку честа појава. Се сеќавам кога Џон Ашфорд, продуцентот за современ танц, кој во тоа време беше директор на лондонскиот театар

*The Place*, со изненадување рече: Види, види, во Словенија и мажи танцуваат. Инаку, ми се чини дека Фичо Балет останува во некој меѓупростор и можеби ова е причината зошто тој до сега сè уште не беше доволно присутен во словенечката теорија за класичен или современ танц. Можеби причината е и тоа што ние никогаш не следевме одредени трендови во современиот танц, туку собравме разни танцови елементи и ги мешавме на некој свој начин.

**Како дојде до формирање на *Nomad Dance Academy (NDA)* и кои беа причините за нејзиното формирање?**

Неколку дена пред средбата на театарската мрежа *IETM*, што се одржа во 2005 година во Белград, *Zavod Bunker* организираше средба на мрежата *Balkan Express*, во која учествуваа голем број невладини организации и независни креатори во културата од поранешна Југославија и од другите земји на Балканот. На еден од разговорите се собравме танчари, кореографи и продуценти на современиот танц од регионот и го заклучивме необичниот факт дека знаеме што се случува во Берлин, Париз или Лондон, но не знаеме што се случува на места кои се во наша непосредна близина, и покрај тоа што доаѓаме од заеднички културен простор и делиме заедничка историја, зборуваме слични јазици итн. Покрај тоа, заклучивме дека се соочуваме со слични продукциски ограничувања. Тогаш се роди желбата за повторна средба и за зајакнување на нашата соработка.

**Кои достигнувања на *NDA* ќе ги издвоите како најважни во однос на регионалната соработка?**

Соработката започна со креирање на номадска образовна програма, во која 14 – 15 учесници на програмата патуваа четири месеци низ целата територија на поранешна Југославија и Бугарија. Во секоја земја останаа по неколку недели, слушаа предавања, учествуваа на работилници и креираа сопствени уметнички дела. Можеби најважното беше што ја запознаа локалната сцена – кои се актерите, како тие работат, како размислуваат, со какви проблеми се соочуваат... Од таа програма, во која така или поинаку беа вклучени повеќе од сто луѓе, настана заедница, во која се поврзавме ние организаторите со учесниците на програмата. Ова беше основа за идна соработка. Подоцна се појавија нови предизвици, на пример, како да се обезбеди долгорочно финансирање на современиот танц. *NDA*, за своето работење добива финансиски средства од европските програми, во тоа сме прилично успешни, но имаме големи тешкотии во обезбедувањето на потребните 50% кофинансирање од локалната средина. Така сфативме дека треба да организираме настани на кои ќе ги убедуваме одговорните лица дека постои

потреба за регионален фонд што ќе ги кофинансира и соработките на уметниците во регионот и европските проекти во кои се вклучени овие уметници. Во рамките на оваа програма досега организиравме три настани во регионот, а четвртиот настан ќе биде следната година во Љубљана каде што ќе застанеме во одбрана на идејата за воспоставување на мрежа на резиденции во градовите чии партнери сме. Третиот сегмент е поддршка за архивирање, бидејќи во овој регион немаме институција што систематски ќе се занимава со архивирање на современиот танц. Да спомeнеме уште едно достигнување на *NDA*, наречено *Nomad Dance Institute*, кој нуди копродукциска соработка на предложени проекти. Ова изградба на заедницата преку копродукција на претстави ја почнавме пред неколку години, кога се сретнавме во Музејот на современа уметност во Љубљана, каде што секој член на *NDA* имаше можност да ги презентира своите проекти или да покани проект за копродукциска соработка од друг член. Тогаш во рамките на проектот го усвоивме правилото за регионална соработка: на другите членови може да им го понудиш својот проект за копродукција, или за соработка покануваш проект понуден од страна на некој член – двете можности според ова правило не се допуштени во исто време. Така се обидовме да го заинтересираме секој член, да се вклучи, да се запознае со работата на другите членови во заедницата, да има можност за заедничко донесување одлуки, на кратко, да не ја префрлуваме одговорноста на некој одбор, туку секој поединец да има моќ да одлучува и на тој начин да се практикува некоја договорна форма на директна демократија.

***NDA* поттикна основање на неколку фестивали на современиот танц во балканскиот регион. Можеш ли да ни кажеш нешто повеќе околу стратегијата за основање танцови фестивали и за улогата што NDA ја имаше во овие процеси?**

Овие фестивали беа создадени по органски пат, односно поради тоа што имаше потреба од нивно постоење. Танцовите сцени во регионот бараа поголема видливост и некоја платформа, за својата креативност да ја споделат со заинтересирана публика. *NDA* на овие фестивали им обезбеди почетни средства од европски проект. Така се роди фестивалот *Antistatic* во Софија, *LocoMotion* во Скопје, *Zvrk* во Сараево, *Kondenz* во Белград, а пред *NDA* се појави фестивалот *Platforma* во Загреб. Во Љубљана студентските продукции од образовниот дел на програмата ги претставивме на минифестивалот *Short Cuts,* во 2011 година од овој фестивал израсна фестивалот *Pleskavica,* додека следната година со *Ukrep (ПТЛ)* и проектот *Modul Dance (Кино* Шишка*)* се споивме во *CoFestival*. Според тоа, станува збор за зајакнување на препознатливоста, градење заедница, создавање публика, како и поттикнување на локалните културни политичари од регионот да посетуваат фестивали и да го запознаат современиот танц.

**Членовите на *NDA* развија некои сопствени принципи на работење– како тие начела ги применувате при организацијата и спроведувањето на *CoFestival*?**

Во секој случај, основниот принцип е поканата за која зборував претходно. Инаку, имаме уметнички совет што одлучува, но во советот не постојат одредени функции; некој е повеќе посветен на продукцијата, друг на организација на работилници итн., односно секој според своите преференции, но сите заедно работиме на програмата. Покрај тоа, се водиме според принципот на рамнотежа, што значи дека покануваме претстави од различни земји и внимаваме да се застапени различни видови претстави. Исто така, обрнуваме внимание да нема претерани разлики во плаќањата за настапите на изведувачите и работата на другите колеги. Имаме и принцип на отворен простор, оставајќи отворена можност за непознатото. Ова може да биде претстава што ќе нè изненадени, предавач со свеж пристап, а може да биде и тоа да му се препушти организацијата на настан на некој кој е надвор од кругот на *NDA* и слично. Се работи за момент на случајност што може да донесе нови знаења или нови сознанија. Она што најмногу ме интересира во современиот танц е токму овој момент, кој во одредена рамка овозможува можност за истражување, преиспитување, па и грешки. И како овој принцип, преку идејата на кореографијата како раширена практика, може да се пренесе на организацијата на фестивалот или на некој друг настан.

**Како што спомена, *LocoMotion* во Скопје е еден од фестивалите што беше формиран по иницијатива на *NDA*, чиј продуцент (до 2015) беше *Локомотива*, невладина организација во областа на културата. Како се одвива соработката со Локомотива и како го оценувате нејзиното значење за танцовата сцена во Македонија?**

Освен македонскиот дел од *NDA*, *Локомотива* е една од ретките невладини организации во областа на културата, која се занимава со продукција и промоција на современиот танц во Македонија, затоа е многу важна за развојот на нивната танцова сцена. Тоа што Локомотива стана водечка невладина организација во областа на современиот танц во Македонија во голема мера е заслуга на Билјана Тануровска-Ќулавковски и Искра Шукарова. Билјана е постојан дел од координативната група на *NDA* и има огромен придонес при одржување на оваа платформа, нејзината финансиска одржливост и нејзиниот продукциски развој. Ми се чини дека во Македонија не се доволно свесни колку е *Локомотива* важна за нивната танцова сцена. Неколкупати учествував на фестивалот *LocoMotion* и секојпат беше одлично, секогаш многу публика, многу разговори, образовни програми, на кратко, фестивалот го нуди сето она за кое сметаме дека еден фестивал на современ танц мора да го има: уметнички настани, нивна рефлексија, образование и создавање заедница.

**Што мислиш за состојбата на современиот танц во Македонија? Може ли да ги споредиш условите за продукција (на пример, финансиска поддршка, технички услови за работа, промоција итн.) во Македонија и во Словенија?**

Споредено со словенечката, македонската танцова сцена е помалубројна. Покрај тоа, постои голема разлика во бројот на сцени. Во Љубљана имаме повеќе сцени каде што редовно има современ танц *(ПТЛ, Шпански борци, Стара електрарна, Цанкарјев дом...)* кои се релевантни, технички добро опремени, со техничката поддршка и ПР оддели итн. Во Скопје немаат ниту еден простор што би бил наменет само за современ танц или барем би преовладувал во него. *Локомотива*, последните две години ги користи просториите на поранешното кино Култура, во кои го претставуваат современиот танц, но финансиски и технички гледано условите не се на завидно ниво. Искра Шукарова, која е веќе дваесет години на сцена, на конкурсите добива меѓу илјада и две илјади евра, додека, во Словенија, за слична таква програма се добива десет пати поголема поддршка. Но и двете земји имаат ист проблем: немаме студио за танц што ќе биде посветено исклучиво за вежби на современиот танц.

**Во контекст на билатералниот истражувачки проект за македонско-словенечките театарски врски, особено сме заинтересирани за твојата соработка со македонската кореографка Искра Шукарова. Како дојде до вашата соработка?**

Со Искра интензивно соработувавме во проектот *Formula*. Кога бев пред неколку години предавав танц во Македонија, Искра ми предложи да одвоиме неколку дена за да ја истражиме сцената како раширена *Лабанова коцка*, во рамките на која се занимававме со геометриските односи и во исто време со деконструкцијата на балетот, од кој излеговме и обајцата. Ние бевме заинтересирани за тоа како ќе биде можно балетот да се смести во парадигмата на современиот танц и со тоа се занимававме повеќе години, при што, пред секое повторување одвојувавме неколку дена за да развиеме нова формула. И тој збор мора да се сфати во сите негови значења: како рецепт, формулата за успех, формула за користење на времето и просторот, како математичка формула, или дури и како возило– во еден момент навистина донесовме макета на автомобил во форма на формула, која беше далечински управувана и наместо нас се движеше по линиите и дијагоналите на таа *Лабанова коцка*. Тоа беше навистина инспиративен и забавен проект.

**Дали во иднина планирате нови проекти во соработка со Искра Шукарова? Можеби и со други уметници од Македонија?**

Штотуку разговаравме со Искра, во Скопје да организираме таканаречен *co-teaching* — еден вид образование, при што повеќе учители предаваат иста метода на тренинг или

водат иста работилница, за на истиот тренинг или работилница учесниците да добијат различни погледи и, исто така, пренесувањето на знаењето да стане процес во кој се учат и предавачите. Бидејќи Искра е педагог за современ танц на Универзитетот во Скопје, таа замисли овој формат да го испроба со нив. Во моментов сме во процес на обликување на оваа програма и бараме финансиски средства за реализација. Дури и во рамките на *NDA* продолжува соработката со креаторите на современиот танц во Македонија, а во иднина не е исклучено на *CoFestival* да се појават некои македонски уметници.

**Што мислиш за интензитетот на досегашната соработка меѓу словенечките и македонските танчари и кореографи? Дали потенцијалните можности за соработка биле доволно искористени?**

Се разбира, неколку гостувања на танцови претстави или уметници се случија, во рамки на фестивали или образовни програми, но тоа беа повеќе спорадични настани отколку посистематска форма на соработка. Она што ме радува е фактот дека двете земји се прилично слични – по големина, број на население, имаат неколку децении заедничка историја, народите никогаш не биле во конфликт, напротив, кога и да дојдам во Македонија секогаш чувствувам некоја почит и пријателство. Очигледно, политичарите во двете земји сè уште не го препознале современиот танц како форма на уметничка продукција, со која би можеле да ја зајакнат меѓукултурната соработка. Значи, основно прашање е како државата размислува - преку современа креативност или преку некои стари модели и стереотипи, преку фолклор, итн.

***NDA, Balkan Dance Project* и сличните проекти за регионална соработка упатуваат на внимателен пристап кон творење заеднички проекти. Дали овој пристап генерално е споредлив со сличните повеќегодишни проекти за соработка со партнерските организации и поединци од другите европски земји?**

Со Нина Божиќ, со која подолго време работам на проекти што ги поврзуваат уметноста и стопанството, минатата година имавме работилница за директори на *co-working*-простори во Стокхолм. На оваа работилница бев многу изненаден дека тие навистина не чувствуваат потреба да соработуваат, бидејќи кај нив тие *co-working* простори се доволно финансиски поддржани и веќе ги имаат определено своите целни групи. Затоа, таа средба беше целосно вештачка, сите бевме мошне љубезни, дури направивме и *brainstorming* за тоа како можеме да соработуваме, но реално, кај нив не се чувствуваше никаква потреба за тоа. Ако оваа приказна ја надоврзам на современиот танц во Европа, можам да кажам дека многу танц-групи, особено во Западна Европа, се прилично пристојно финансирани, и преку повеќегодишни програми, затоа и кај нив не забележав некоја особено голема потреба за соработка.

Се разбира, тие мора да соработуваат, бидејќи европските финансиери генерално го бараат тоа од нив, но тоа го прават помалку или повеќе за да ги исполнат условите на конкурсите, а не затоа што навистина го сакаат.

**Во Југославија имаше релативно висока соработка меѓу словенечките и македонските балетски уметници, особено во рамките на редовните фестивалски манифестации. По распадот на поранешната заедничка држава интензитетот на соработка значително се намали и сега е само спорадичен. Дали гледаш можност за интензивирање на идната соработка меѓу македонските и словенечките балетски ансамбли и балетските уметници?**

Регионалните и билатералните културни политики во областа на балетот не ги познавам доволно, така што само може да се согласам со тебе, бидејќи и моето мислење е исто – таквата соработка е многу мала, зависи од индивидуалните иницијативи, и не постои структурна поддршка. Во рамките на *CoFestival*, на пример, се случува да ни е полесно да пречекаме швајцарски, австриски или германски уметници отколку уметници од Балканот; и покрај тоа што тие чинат многу повеќе, ние можеме да ги донесеме, затоа што овие гостувања финансиски се поддржани од културните политики на нивните земји. Од друга страна, самиот фестивал треба да ги покрие сите трошоци ако сака да покани некој од Македонија. Во моментот кога на некој политичар ќе почнете да му зборувате за регионална соработка, добивате убава насмевка и љубезни зборови, а во суштина вистински интерес за поддршка на културната соработка не постои, поради тоа што земјите во регионот на Балканот сè уште се во фаза на градење сопствен идентитет и живеат во заблуда дека со повикување на некоја фиктивна, митска историја и со пренасочување на културната соработка од Балканот кон Западна Европа ќе ја зајакнат својата препознатливост.

**Што треба да подобриме на ниво на културни политики на двете земји, за да има повеќе меѓусебни гостувања на балетски ансамбли и балетски уметници?**

Во најмала рака, она што треба да се очекува и да се побара од една добро уредена културна политика е во своите стратешки документи јасно да наведе како ќе придонесе за развојот на одредена област и како ќе поттикне гостување и други форми на билатерална и регионална соработка во таа област. Меѓу уметниците постои желба да соработуваат, постојат и потенцијали, но нема доволно поддршка за реализирање на овие потенцијали.